ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. Nr. 08-8301/2
09-07-2026 20
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 50 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) а во врска со член 181 од Законот за правда за децата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 66/24 и 55/25), Град Скопје објавува:

**Јавен повик**
**за избор на дополнителни членови во**
**Советот за превенција на детско престапништво на Град Скопје**

**Опис на Јавниот повик:**

Врз основа на Заклучокот донесен на дванаесеттата Седница на Совет на Град Скопје одржана на 12.05.2026 година (бр. 27-5742/3 од 12.05.2026) и Законот за правда за децата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 66/24 и 55/25), Град Скопје објавува јавен повик за избор на дополнителни членови во Советот за превенција на детско престапништво на Град Скопје.

Повикот се објавува за избор на дополнителни 10 (десет) членови, и тоа: психолози, педагози, дефектолози, социјални работници, специјални едукатори и рехабилитатори и други стручни лица кои работат во оваа област, кои се членови на здруженија и фондации и жители на Град Скопје.

Мандатот на членовите на советот е 5 (пет) години, со право на уште еден последователен избор.

Град Скопје обезбедува логистичка поддршка на членовите на советот.

**Право на учество на Јавниот повик:**
Психолози, педагози, дефектолози, социјални работници, специјални едукатори и рехабилитатори и други стручни лица кои работат во оваа област, кои се членови на здруженија и фондации и жители на Град Скопје.

**Работни обврски на членовите на Советот:**

- Редовно и активно учество на средбите на советот;
- Подготовка и спроведување на План за работа на советот со временска рамка;
- Подготовка на Деловник за работа на советот како и други акти ;
- Следење и проценка на состојбата за заштита на правата на децата и превенција од детско престапништво ;
- Предлагање мерки за подобрување на заштитата на правата на децата и превенција од детско престапништво до надлежните органи ;
- Подготвување и издавање извештај за работата на советот за превенција од детско престапништво на Град Скопје, пред советот на Град Скопје ;
- Реализација на други активности за унапредување на правата на децата и превенција од детско престапништво како и нивната заштита;

**Услови и критериуми за учество на Јавниот повик:**

- Завршено високо образование (како предност ќе се сметаат завршени студии од социјална работа и социјална политика, психологија, педагогија, дефектологија, специјални едукатори и рехабилитатори и други лица кои работат во оваа област);
- Работно искуство во релевантната област најмалку 10 години;
- Да е жител на Град Скопје, државјанин на Република Северна Македонија,постар од 18 години и добро да го владее македонскиот јазик;
- Учество во проекти кои водат кон:
  - унапредување на правата на децата и превенција од детско престапништво;
  - промоција на ненасилна комуникација, толеранција, меѓусебно почитување и одговорно однесување кај децата и промоција на позитивно родителство и здрави семејни односи;
  - намалување на стигматизација, дискриминација, булинг, врсничко насилство кај децата;

**Начин на пријавување на Јавниот повик и потребна документација**

Заинтересираните поединци ги доставуваат следниве документи:

- CV (професионална биографија) и фотокопија од диплома за стекнато образование;
- Писмо за мотивација;
- Доказ за работното искуство во релевантната област од 10 години;
- Доказ дека е жител на Град Скопје и државјанин на Република Северна Македонија
- Друга документација со која кандидатот/ката смета дека ја поткрепува пријавата и е во функција на наведените критериуми за член во советот.

Разгледувањето и изборот на членови од пристигнатите предлози ќе го врши Комисија за избор на дополнителни членови во Советот за превенција на детско престапништво на Град Скопје формирна од страна на Градоначалник на Град Скопје.

**Рок и начин на доставување на пријавите**

Крајниот рок за поднесување на пријавите е 15.07.2026 година, до 15:00 часот.
Пријавите со целокупната документација се доставуваат во Архива на Град Скопје барака бр. 16, во затворено плико со назнака Сектор за јавни дејности, Советот за превенција на детско престапништво на Град Скопје.

*За дополнителни информации:*

Прашања за појаснување може да се постават по електронски пат на socijala@skopje.gov.mk